МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 31 јануари 2018 г.

5

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 5

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 0

Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 5

Бр. На предлог- закони кои се утврдени на Влада, но не се објавени на ЕНЕР: 0

**Табела.** Преглед на објавени предлог-закони по министерства и почитување на минимален рок за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од минимален рок за консултации | % на отстапки од минимален рок за консултации |
|---|---|---|---|
| МП | **2** | **0** | **0%** |
| МЗ | **1** | **0** | **0%** |
| МОН | **1** | **0** | **0%** |
| МК | **1** | **0** | **0%** |
| **ВКУПНО** | **5** | **0** | **100%** |

***www.ogledalonavladata.mk***

*Во рамките на проекто се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). За повеќе информации посетете го сајтот www.ogledalonavladata.mk.*

**минимален рок за консултации на ЕНЕР е 20 дена*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 27**

**кај 5 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**не е забележано отстапување од минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројачаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на јануари биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 36/08*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.

Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и од записниците достпани на веб-страницата на Владата на Република Македонија.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 јанаури 2018 г., на седница на Владата беа утврдени 5 предлог-закони и истите беа објавени на ЕНЕР. Иако се веќе утврдени на седница на Влада кај ниту еден од нив не е објавен конечниот текст на предлог-закон кој што е и испратен до Собрание за усвојување, што значи 5 предлог- закони се уште стојат со статус „Отворен".

Во текот на јануари, минималниот рок за консултации на ЕНЕР беше запазен кај сите предлог закони кои беа утврдени на седница на Влада во текот на јануари 2018 г. Станува збор за: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи и Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител предложени од **Министерството за правда**, Законот за лековите и медицинските средства предложен од **Министерството за здравство**, Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование предложен од **Министерството за образование и наука** и Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за поддршка на домашната музичка продукција предложен од **Министерствотоо за култура**.

**Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.**

**Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.**

**Во овој број:**

**Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за судовите**


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


## Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

Согласно предлагачот на измените на законот целта за негови измени и дополнувања произлегуваат од потребата за негово усогласување со препораките дадени во мислењето на Венецијанската комисија за унапредување на судовите.

Од тука, со предлог-законот се предвидува поголема специјализација на судиите и се овозможува формирање и на оддели за стопанска област одвоени од граѓанските оддели во судовите во кои постои потреба за тоа.

Се прецизира надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија кој формира Совет за одлучување по жалби против одлуките на Судскиот совет на Република Македонија.

Се менуваат условите за судија-поротник и се брише досегашното решение со кое се бараше високо образование за судија поротник.

Се интервенира во општите услови за избор на судија. Се бара потврда дека на лицето не му е изречена забрана за вршење на било каква правна професија за кривично дело поврзано со злоупотреба на судиската функција, додека траат правните последици на осудата. Воедно се брише условот од „најмалку осум просек" од високообразовната институција каде лицето завршило студии. Се предлага активното познавање на еден од најчесто користените јазици на Европската унија да се задржи како критериум за влез во основното судство. Со предлог-законот се внесува забрана судијата својата функција и угледот на судот да ги користи за остварување на приватни интереси.

Се зајакнува правото на странката за поднесување на преставка до претседателот на судот заради недолично или непримерно однесување на судија или судски службеник во службените односи со странките, а кои се спротивни на етичкиот кодекс и да добие одговор на истата.

Понатаму, се редефинираат основите за потешка дисциплинска повреда заради која се поведува постапка за утврдување на одговорност на судија како основ за разрешување и дисциплинска повреда за која се поведува постапка за утврдување на одговорност на судија за која може да се изрече дисциплинска мерка, а и се зголемува опфатот на дисциплински мерки. Па така, се предвидува ограничување за судијата кому му е изречена дисциплинска мерка упатување на стручна обука или намалување на плата во висина од 15% до 30% од месечната плата, да неможат да бидат избрани во повисок суд, за член на Судскиот совет или директор на Академијата за судии и јавни обвинители, за времето додека трае мерката.

Се интервенира во одредбата која се однесува на основите за разрешување на претседател на суд и се врши допрецизирање на основот кој се однесува на влијание врз судијата во однос на начинот на водење на постапката и одлучување по одделни предмети, а во врска со принципот за независност на судијата во одлучувањето.

Понатаму се додава нов основ за разрешување, а заради повреда на одредбите за измена на Годишниот распоред за работа на судиите и неприменување на одредбите во врска со управувањето и распределбата на судските предмети.

Се зајакнува и дефинира надзорната функција на министерството за правда во однос на надзорот над примената на одредбите од Судскиот деловник. Се предлага формирање на постојана комисија која надзорот над функционалноста на АКМИС-от ќе ја врши согласно годишен план.